**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**

# У П А Т С Т В О

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА ВО АКАДЕМСКАТА 2023/2024 ГОДИНА

Битола, 2023 година

Врз основа на член 103 точка 8, во врска со членовите 126, 127, 128, 134 став 2, 149, 150 и 150 од Законот за високото образование и во врска со глава II точка 16 од Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во академската 2023/2024 година, Ректорската управа на Универзитетот, на продолжението на 292-та седница одржана на ден 06.07.2023 година, го донесе следново

# У П А Т С Т В О

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА ВО АКАДЕМСКАТА 2023/2024 ГОДИНА

## I. Основни одредби

**Член 1**

Со ова Упатство се обезбедува единствен пристап во толкувањето и примената на одредбите од Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на факултетите и Високата медицинска школа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во академската 2023/2024 година и се регулира постапката и начинот на работа на телата за реализација на Конкурсот.

**Член 2**

Сите студенти се запишуваат под условите и критериумите утврдени со Конкурсот.

## II. Кандидати кои имаат право на запишување во прва година на прв циклус студии

**Член 3**

Право на запишување во прва година на прв циклус студии на факултетите и Високата медицинска школа, имаат кандидати:

1. **кои положиле државна матура;**
2. **кои положиле меѓународна матура;**
3. **со завршено четиригодишно средно образование во претходните учебни години (пред учебната 2007/2008 година и во учебната 2019/2020 година)** кои не полагале државна матура**.**

**Член 4**

Право на запишување во прва година на прв циклус студии имаат и кандидати:

1. **со завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи и кандидати кои паралелно студираат сродни факултети, студиски групи или насоки;**

Овие кандидати се запишуваат со школарина на студиите, како редовни или вонредни студенти надвор од вкупната квота, според успехот од завршеното претходно образование.

Сродноста на завршеното високо или вишо образование, како и сродноста на факултетите, студиските групи или насоки за кандидатите кои сакаат паралелно да студираат две студиски програми, ја утврдуваат и објавуваат единиците на Универзитетот.

Кандидатите со претходно завршено високо или вишо образование и кандидатите што се пријавуваат за паралелно студирање, се запишуваат под исти услови како и кандидатите со школарина за студирање (Глава **IV** од Конкурсот).

2. **кандидати кои целосно или делумно завршиле средно четиригодишно образование во странство.**

**Член 5**

Доколку кандидатите не се примени во државната или квотата за школарина на студиската програма на којашто конкурирале, тие можат во истиот уписен рок да се запишат на друга студиска програма на која има слободни места, по нивен избор, во рамките на истата високообразовна единица.

Овие кандидати се должни да достават барање до Конкурсната комисија за запишување на друга студиска програма и тоа најдоцна 24 часа по објавувањето на прелиминарната ранг листа. Тие се рангираат на посебна листа во рамките на конечната ранг листа за соодветната студиска програма.

**Член 6**

Основен критериум за селекција на кандидатите за запишување во прва година на прв циклус (додипломски) студии е успехот постигнат во средното образование.

Вреднувањето на успехот се изразува во поени.

При пресметувањето на поените, бодувањето се врши најмногу до 3 децимали.

## III. Бодирање на кандидати кои го завршиле четиригодишното средно образование и положиле државна матура во учебната 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 година

**Член 7**

**За кандидатите што положиле државна матура во учебната 2020/2021, 2021/2022 и 2022/2023 година** општиот успех по сите предмети во средното образование учествува со **60%,** а успехот постигнат на државната матура со **40%** во вкупниот број поени, којшто може да изнесува најмногу **100 поени**.

Бодирањето на предметите се врши во согласност со Прилог I од Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во академската 2022/2023 година.

**7.1. Бодирање на успехот од средно образование**

**Бодирањето на успехот од средното образование** се врши така што се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа можат да се добијат најмногу 60 поени.

| |
|---|
| просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени |
| **(пример:** со просек 5,00 x 12 = 60 поени) |

Бодирањето на успехот постигнат на државната матура се врши на следниов начин: екстерните предмети, во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање, ќе се бодираат најмногу со по 12 поени, интерните предмети, во зависност од постигнатиот успех при полагањето, најмногу со по 6 поени, а проектната задача, во зависност од постигнатиот успех, најмногу со 4 поени. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу 40 поени (24 поени од двата екстерни предмети, 12 поени од двата интерни предмети и 4 поени од проектната задача).

**7.2. Бодирање на екстерните предмети**

**Бодирањето на екстерните предмети** се врши така што оценките од екстерните предмети се собираат со вредноста на перцентилниот ранг поделен со 20. Така добиениот збир се множи со коефициент 1,2 за соодветните предмети или со коефициент 0,9 за несоодветните предмети. Потоа, производот се коригира со перцентилниот ранг на кандидатот за секој предмет поединечно. Добиените поени од двата екстерни предмети се собираат и по оваа основа може да се добијат најмногу 24 поени. За соодветни предмети се сметаат само екстерните предмети што се наоѓаат на Листата на екстерни предмети, објавени во Прилог I кон Конкурсот.

Е1 + Пр / 20 = Н1 - број на поени (најмногу 10 поени)

Н1 x 1,2 = С1 – пресметка за **соодветен екстерен предмет** (според Прилог бр. 1 од Конкурсот) или

Н1 x 0,9 = С1 – пресметка за **несоодветен екстерен предмет** (ако го нема во листата предмети од Прилог бр. 1 од Конкурсот)

Е2 + Пр / 20 = Н2 - број на поени (најмногу 10 поени)

Н2 x 1,2 = С2 – пресметка за соодветен предмет (според Прилог бр. 1 од Конкурсот) или

Н2 x 0,9 = С2 – пресметка за несоодветен предмет (ако го нема во листата предмети од Прилог бр. 1 од Конкурсот)

Перцентилниот ранг се определува и се внесува во Дипломата за положена државна матура на секој ученик од страна на средното училиште што ја издава Дипломата.

Перцентилниот ранг на кандидатот покажува од колкав процент на ученици што го решавале тестот, тој кандидат е подобар или еднаков.

**Пример:** Ученикот на државната матура ги покажал следниве резултати:

| Екстерни предмети | Оценка | Перцентилен ранг (PR) | Број на поени |
|---|---|---|---|
| 1. Македонски јазик: | Одличен 5 | + 100,00 / 20 | 10 |
| 2. Математика: | Многу добар 4 | + 75,00 / 20 | 7,75 |

**7.3. Бодирање на интерните предмети**

**Бодирањето на интерните предмети** се врши така што оценката што ученикот ја добил за полагање на интерниот предмет се множи со коефициент 1,2 (за соодветен интерен предмет) при што може да се освои најмногу 6 поени или со коефициент 0,8 (за несоодветен интерен предмет), при што може да освои најмногу 4 поени. Добиените поени од двата интерни предмети се собираат и по оваа основа може да се добијат најмногу 12 поени. За соодветни предмети се сметаат само интерните предмети што се наоѓаат на Листата на интерни предмети, објавени во Прилог I кон Конкурсот. Доколку ученикот има полагано повеќе интерни предмети, тогаш се пресметуваат поени за оној интерен предмет што се наоѓа на листата и за којшто ученикот добил највисока оценка.

- Пресметка за **соодветен интерен предмет**

| |
|---|
| Ип х 1,2 = најмногу 6 поени |
| (**пример** со просек 5,00: 5х1,2 = 6 поени) |

Бодирање на Интерни предмети

| **Оценка** | **5** | **4** | **3** | **2** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на поени** | **6** | **4,80** | **3,60** | **2,40** |

- Пресметка за **несоодветен интерен предмет** (ако го нема во листата предмети од Прилог бр. 1 од Конкурсот)

| |
|---|
| Ип х 0,8 = најмногу 4 поени |
| (**пример** со просек 5,00: 5х0,8 = 4 поени) |

Бодирање на Интерни предмети

| **Оценка** | **5** | **4** | **3** | **2** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на поени** | **4** | **3,20** | **2,40** | **1,60** |

**7.4. Бодирање на проектната задача**

Оценката што ја добил ученикот за Проектната задача се множи со коефициент 0,8 и за неа може да се добијат најмногу 4 поени.

| |
|---|
| Пз Х 0,8 = најмногу 4 поени |
| (пример со просек 5,00 : 5 х 0,8 = 4 поени) |

Бодирање на Проектна задача

| Оценка | 5 | 4 | 3 | 2 |
|---|---|---|---|---|
| **Број на поени** | **4,00** | **3,20** | **2,40** | **1,60** |

## IV. Бодирање на кандидати со завршено четиригодишно средно образование ВО УЧЕБНАТА 2019/2020 година, како и на кандидати со завршено четиригодишно средно образование во претходните учебни години ПРЕД УЧЕБНАТА 2007/2008 година

### Член 8

За кандидатите **кои завршиле четиригодишно средно образование во учебната 2019/2020 година, како и за кандидатите** кои што го завршиле четиригодишното средно образование во претходните учебни години (пред учебната 2007/2008 година) и не полагале државна матура, основен услов и критериум за запишување е општиот среден успех и успехот од четирите предмети: мајчин јазик и странски јазик и два предмети определени од единиците како битни за студирањето на таа високообразовна единица.

Во вкупниот број поени, средниот успех од средното образование учествува со **60** поени, а средниот успех од два предмети битни за студирањето на таа високообразовна единица и средниот успех од предметите мајчин јазик и странски јазик учествува со **40** поени.

Средниот успех од средното образование се вреднува со собирање на сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите четири години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со коефициент **12.** По оваа основа можат да се добијат најмногу **60** поени.

| |
|---|
| просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени |
| **(пример:** со просек 5,00 x 12 = 60 поени) |

Вреднувањето на успехот од четирите предмети (два предмети битни за студирањето на таа високообразовна единица и предметите мајчин јазик и странски јазик) се врши на следниов начин:

- се пресметува средна оценка за секој од четирите предмети и добиените средни оценки за секој предмет пооделно се множат со 2. Овие производи се собираат, притоа по оваа основа, за секој предмет може да се добијат најмногу 10 поени, односно вкупно најмногу 40 поени.

Ако кандидатот учел два или повеќе странски јазици, се пресметуваат оценките од странскиот јазик кој го учел повеќе години.

Доколку кандидатот странските јазици ги учел ист број на години, во вреднувањето на поените се зема онаа оценка која е поповолна за кандидатот.

Двата предмети битни за студирањето претходно ги утврдува секоја високообразовна единица и ги објавува на огласна табла.

Во случај ако кандидатот не го изучувал предметот кој од страна на високообразовната единица е утврден како предмет битен за студирањето, тогаш таквиот предмет не се зема во предвид при вреднувањето на успехот.

## V. БОДИРАЊЕ НА КАНДИДАТИ ШТО ПОЛОЖИЛЕ ДРЖАВНА ИЛИ МЕЃУНАРОДНА МАТУРА

### Член 9

**За кандидатите што положиле државна или меѓународна матура** општиот успех по сите предмети во средното образование учествува со **60%,** а успехот постигнат на државната, односно меѓународната матура со **40%** во вкупниот број поени, којшто може да изнесува најмногу **100 поени**.

**Бодирањето на успехот од средното образование на кандидатите што положиле државна матура** се врши така што се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **12**. По оваа основа може да се добијат најмногу **60** поени.

| |
|---|
| Просечна оценка x 12 = најмногу 60 поени |
| (пример: со просек 5,00 x 12 = 60 поени) |

**Бодирањето на успехот од средното образование на кандидатите што положиле меѓународна матура** се врши така што се собираат сите оценки внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со коефициент, така што производот може да изнесува најмногу **60 поени.**

| |
|---|
| Просечна оценка x коефициент = најмногу 60 поени |

### Бодирање на успехот постигнат на ДРЖАВНАТА МАТУРА

**Бодирањето на успехот постигнат на државната матура за кандидатите кои положиле државна матура во учебните 2013/14, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година** се врши на следниов начин: екстерните предмети во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање ќе се бодираат најмногу со по **10** поени, интерниот предмет во зависност од постигнатиот успех најмногу со **6** поени, а проектната задача во зависност од постигнатиот успех најмногу со **4** поени. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40** поени (**30** поени од трите екстерни предмети, **6** поени од интерниот предмет и **4** поени од проектната задача).

**Бодирањето на успехот постигнат на државната матура за кандидатите кои положиле државна матура пред учебната 2013/2014 година** се врши на следниов начин: екстерните предмети во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање ќе се бодираат најмногу со по **10** поени, интерните предмети во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање најмногу со **8** поени, а проектната задача во зависност од постигнатиот успех најмногу со **4** поени. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40** поени (**20** поени од двата екстерни предмети, **16** поени од двата интерни предмети и **4** поени од проектната задача).

### 9.1. Бодирање на екстерните предмети

Бодирањето се врши само на оние екстерни предмети што се наоѓаат на Листите на екстерни предмети, објавени во Прилог II и III кон Конкурсот.

Пресметувањето на поените од положените екстерни предмети се врши на следниов начин:

Оценките од екстерните предмети се собираат со вредноста на перцентилниот ранг поделен со 20.

Е1 + Пр / 20 = број на поени (најмногу 10 поени)

Е2 + Пр / 20 = број на поени (најмногу 10 поени)

Е3 + Пр / 20 = број на поени (најмногу 10 поени) – (трет екстерен предмет само за кандидати кои положиле државна матура во учебната 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017**,** 2017/2018 и 2018/2019 година).

Добиените поени од двата (трите) екстерни предмети се собираат и по оваа основа може да се добијат најмногу 20 (за кандидатите кои положиле државна матура пред учебната 2013/2014 година) или 30 поени (за кандидатите кои положиле државна матура во учебните 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година).

Перцентилниот ранг се определува и се внесува во Дипломата за положена државна матура на секој ученик од страна на средното училиште што ја издава Дипломата.

Перцентилниот ранг на кандидатот покажува од колкав процент на ученици што го решавале тестот, тој кандидат е подобар или еднаков.

**Пример:** Ученикот на државната матура ги покажал следниве резултати:

| Екстерни предмети | Оценка | Перцентилен ранг(PR) | Вкупно поени |
|---|---|---|---|
| 1. Македонски јазик: | Одличен 5 | + 100,00 / 20 | 10 |
| 2. Англиски јазик: | Многу добар 4 | + 75,00 / 20 | 7,75 |
| 3. Математика: | Многу добар 4 | + 70,00 / 20 | 7,50 |

Ученикот за екстерните предмети освоил вкупно 17,75 поени (ако кандидатот полагал државна матура пред 2013/2014 година).

Ученикот за екстерните предмети освоил вкупно 25,25 поени (ако кандидатот полагал државна матура во 2018/2019, 2017/2018, 2016/2017, 2015/2016, 2014/2015 и 2013/2014 година).

### 9.2. Бодирање на интерните предмети

**За кандидати кои положиле државна матура во учебните 2013/14 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година:**

Оценката што ученикот ја добил за полагање на интерниот предмет се множи со коефициент 1,2 при што може да се освои најмногу 6 поени.

Интерниот предмет се бодира само доколку е на листата на интерни предмети објавена во Прилог II кон Конкурсот. Доколку ученикот има полагано повеќе интерни предмети, тогаш се пресметуваат поени за оној интерен предмет што се наоѓа на листата и за којшто ученикот добил највисока оценка.

| |
|---|
| Ип x 1,2 = најмногу 6 поени |
| (**пример** со просек 5,00: 5x1,2 = 6 поени) |

Бодирање на Интерни предмети

| **Оценка** | **5** | **4** | **3** | **2** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на поени** | **6** | **4,80** | **3,60** | **2,40** |

**За кандидати кои положиле државна матура пред учебната 2013/14 година:**

Оценките што ученикот ги добил за полагање на интерни предмети се множат со коефициент 1,6 и за секој интерен предмет може да се освојат најмногу 8 поени. Добиените поени за положените интерни предмети се собираат.

Интерните предмети се бодираат само доколку се на листата на интерни предмети објавена во Прилог III кон Конкурсот. Доколку ученикот има полагано повеќе интерни предмети, тогаш се земаат двата предмети кои се наоѓаат на листата и за коишто ученикот добил највисоки оценки.

| |
|---|
| И1 x 1,6 + И2 X 1,6 = најмногу 16 поени |
| (**пример** со просек 5,00: 5x1,6 + 5x1,6 = 16 поени) |

Бодирање на Интерни предмети

| **Оценка** | **5** | **4** | **3** | **2** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на поени** | **8** | **6,40** | **4,80** | **3,20** |

### 9.3. Бодирање на проектната задача

Оценката што ја добил ученикот за Проектната задача се множи со коефициент 0,8 и за неа може да се добијат најмногу 4 поени.

| |
|---|
| Пз X 0,8 = најмногу 4 поени |
| (пример со просек 5,00 : 5 x 0,8 = 4 поени) |

Бодирање на Проектна задача

| **Оценка** | **5** | **4** | **3** | **2** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на поени** | **4,00** | **3,20** | **2,40** | **1,60** |

## Член 10
## Бодирање на успехот од МЕЃУНАРОДНАТА МАТУРА

**Бодирањето на успехот постигнат на меѓународната матура** се врши на следниов начин: секоја оценка од шесте екстерни предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со коефициент **1,2.** Вака добиените производи се собираат. По оваа основа може да се добијат најмногу **36** поени. Оценката добиена на матурската тема се множи со коефициент **0,8.** По оваа основа може да се добијат најмногу **4** поени. Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу **40** поени.

a1 = 1 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени
a2 = 2 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени
a3 = 3 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени
a4 = 4 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени
a5 = 5 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени
a6 = 6 предмет X 1,2 = најмногу 6 поени

б = збир а1+ а2 +...а6 = најмногу 36 поени
в = матурска тема X 0,8 = најмногу 4 поени
б+в = најмногу 40 поени

**(пример** со просек 5,00: (5x1,2) + (5x1,2) + (5x1,2) + (5x1,2) + (5x1,2) + (5x1,2) + (5 x 0,8) = 40 поени)

## VI. Бодирање на кандидати што се стекнале со СТРАНСКА ДИПЛОМА

### Член 11

За кандидатите што се стекнале со странска диплома и немаат положено меѓународна матура, основен услов и критериум за запишување е успехот постигнат во средното образование, којшто учествува со најмногу **100 поени.**

Бодирањето се врши така што се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите четири години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со коефициент, така што крајниот производ нема да биде поголем од 100**.**

просечна оценка X ___ = најмногу 100 поени

## VII. Кандидати со завршено соодветно високо или више образование и кандидати за паралелно студирање

### Член 12

Кандидатите **со завршено соодветно високо или више образование** при пријавувањето поднесуваат уверение или диплома за завршено соодветно високо или више образование и се рангираат на посебна ранг листа врз основа на постигнатата просечна оцена од тоа завршено претходно образование.

Кандидатите што се пријавуваат за **паралелно студирање** поднесуваат свидетелства за завршено средно образование (во оригинал или заверена копија кај нотар) и соодветно уверение за статус на студент на сроден факултет, студиска група или насока. Овие кандидати се рангираат според постигнатиот успех од средното образование на посебна ранг листа.

**Оценување на психо-физичките способности и**
**проверка од познавање на англиски јазик на пријавените кандидати**

**Член 13**

На Педагошкиот факултет - Битола се врши претходно оценување на психо-физичките способности на пријавените кандидати за студирање. Оценувањето на кандидатите е елиминаторно.

**Член 14**

Педагошкиот факултет - Битола ги објавува на огласна табла, 7 дена пред пријавувањето, термините за претходно оценување на психофизичките способности.

Резултатите од оценувањето, исто така, се објавуваат на нивната огласна табла.

**Член 15**

Високообразовните единици во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, на кои се реализираат студиски програми на англиски јазик, вршат претходна проверка на нивото на познавање на англискиот јазик на пријавените кандидати за овие студиски програми. Резултатот од проверката на нивото на познавање на англискиот јазик е елиминаторен.

**Член 16**

Термините за претходна проверка на нивото на познавање на англискиот јазик се објавуваат на огласните табли на високообразовните единици каде се реализираат студиските програми на англиски јазик, 7 дена пред пријавувањето.

Резултатите од проверката, исто така, се објавуваат на нивните огласни табли.

## VIII. Конкурсни комисии

**Член 17**

За реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии, Наставно-научните совети на факултетите, односно Наставничкиот совет на Високата медицинска школа, формираат Конкурсни комисии, а на Педагошкиот факултет - Битола и соодветни комисии за постапување во согласност со членот 13 од Упатството.

По исклучок, доколку единицата на Универзитетот од објективни причини не може да формира Конкурсна комисија, Конкурсната комисија за таа единица ја формира Ректорската управа на Универзитетот.

Имајќи го во предвид претходниот став, Ректорската управа, за единицата на Универзитетот којашто, од објективни причини, не може да формира Конкурсна комисија, одлучува за екстерните и интерните предмети од државната матура, како и за двата предмети битни за студирањето за пријавените кандидати со завршено четиригодишно средно образование во претходните учебни години пред учебната 2007/2008 година и во учебната 2019/2020 година, а ќе одлучува и за други прашања поврзани со реализацијата на Конкурсот.

Во состав на Конкурсните комисии не влегуваат деканот и продеканите, односно директорот и заменик директорот.

Составот на Конкурсните комисии се доставува до Универзитетската конкурсна комисија.

**Член 18**

Конкурсните комисии на факултетите и на Високата медицинска школа, го вршат рангирањето на кандидатите. Конкурсната комисија објавува, на огласната табла и на веб страницата на факултетот, односно високата стручна школа, прелиминарна ранг-листа на пријавените кандидати според поените од средното образование. Кандидатот има право на приговор до Конкурсната комисија во рок од **24** часа од објавувањето на прелиминарната ранг-листа. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите од средното образование.

Доколку кандидатот не е задоволен од Одлуката на Конкурсната комисија, во рок од **24** часа по објавувањето на огласната табла, има право да поднесе втор приговор, којшто преку Конкурсната комисија се упатува до Управата на факултетот, односно високата стручна школа, а кај единиците кадешто Конкурсната комисија ја формирала Ректорската управа на Универзитетот, вториот приговор преку Конкурсната комисија се упатува до Универзитетската конкурсна комисија. Решението на Управата, односно на Универзитетската конкурсна комисија по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на факултетот, односно на високата стручна школа.

По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање Конкурсната комисија на огласната табла и на веб страницата на факултетот, односно високата стручна школа објавува решение за прием на студенти (конечна ранг-листа), врз основа на што се врши запишување на студенти.

Копија од Решението на Конкурсната комисија за прием на студенти (конечната ранг-листа) факултетите, односно високата стручна школа, истовремено го доставуваат до Универзитетската комисија.

Селектираните кандидати на претходните психофизички проверки и тестови на Педагошкиот факултет – Битола, како и селектираните кандидати на претходната проверка на знаењето на англискиот јазик имаат право на приговор **24** часа по објавувањето на резултатите од оценувањето.

**Член 19**

По завршувањето на својата работа Конкурсната комисија составува записник во којшто се констатира бројот на пријавените и на примените кандидати.

Записникот го потпишуваат сите членови на Комисијата.

По завршувањето на секој уписен рок, факултетите и високата стручна школа до Ректоратот доставуваат посебни прегледи за бројот на пријавените кандидати, за бројот на примените кандидати и за бројот на оние кои не се примени, по обрасци доставени од Ректоратот.

**Универзитетска конкурсна комисија**

**Член 20**

Ректорската управа на Универзитетот формира Универзитетска конкурсна комисија од 12 члена, со застапеност на сите факултети, високата стручна школа и на Ректоратот.

Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на факултетите и на високата стручна школа, се грижи за доследно почитување на

одредбите од Конкурсот, дава упаства и мислења во текот на неговото спроведување, укажува на одделни пропусти и грешки на Конкурсните комисии и слично.

Доколку, во текот на реализацијата на Конкурсот, Универзитетската конкурсна комисија, утврди дека постојат нарушувања на одредбите од Конкурсот во поглед на бројот на студентите, може да донесе Одлука за поништување на одлуките на Конкурсните комисии.

Единиците на Универзитетот може да поднесат приговор на Одлуката на Универзитетската конкурсна комисија до Ректорската управа. Одлуката на Ректорската управа по приговорот е конечна.

**Запишување на кандидатите**

**Член 21**

Примените кандидати се запишуваат како:

- редовни студенти финансирани од државата со партиципација на трошоците за студирање;
- редовни студенти со школарина за студирање;
- вонредни студенти со школарина за студирање, доколку тоа го овозможува природата на студиската програма,
- студенти **ослободени од плаќање на партиципација** во согласност со член 30 и 31 од ова Упатство и
- студенти **чие родителско право го врши само еден родител, кои плаќаат половина од износот на уписнината** во согласност со член 33 од ова Упатство.

**Запишување студенти во државна квота**

**Член 22**

Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање партиципација на трошоците за студирање, секоја студиска година одделно, во текот на целокупното студирање.

Надоместокот за студирање на студентите е составен дел на Конкурсот.

Износот на надоместокот се пресметува според средниот курс на Народната банка на РСМ.

Плаќањето на надоместокот од претходниот став се врши според склучениот Договор со факултетот, односно високата стручна школа и истиот може да се плати на **две еднакви рати** и тоа едната при запишувањето, а другата пред почетокот на вториот семестар.

Доколку редовните студенти запишани во државната квота со партиципација на трошоците за студирање, без оправдани причини не ги исполнат условите утврдени со Законот за високото образование и актите на Универзитетот, ги поднесуваат трошоците за студирање во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола и Правилникот за единствениот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот.

Доколку има повеќе кандидати кои се рангирани со ист број поени како и десеттиот рангиран кандидат, Единицата ќе определи дополнителни критериуми врз

основа на кои ќе се утврди кој/кои од сите рангирани кандидати со ист број поени ќе биде/бидат ослободен/и од плаќање партиципација за првиот семестар во прва година студии.

## Запишување студенти со школарина

### Член 23

На факултетите и на високата стручна школа на Универзитетот, како редовни студенти, се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата, со поднесување на писмена изјава дека се согласуваат целокупното студирање да го реализираат со школарина за студирање.

### Член 24

Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава **I** од Конкурсот го плаќаат во две еднакви рати**,** во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на плаќањето, според склучениот Договор со факултетот, односно високата стручна школа.

Факултетот, односно високата стручна школа на Универзитетот објавува ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија. Кандидатите кои се согласуваат да се запишат во оваа категорија студенти, поднесуваат изјава во рок од ***48*** часа по објавувањето на конечната ранг-листа.

Листата на примените кандидати од оваа категорија ја утврдува Конкурсната комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија, и примерок од неа доставува до Ректоратот на Универзитетот.

Студентите со школарина за студирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот, односно високата стручна школа за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## Запишување вонредни студенти

### Член 25

На факултетите и на високата стручна школа како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат засновано работен однос, како и кандидати кои од оправдани причини, не се во можност да се запишат како редовни студенти.

За оправдани причини од претходниот став се сметаат:

- инвалид кој не е во состојба да следи редовна настава
- потешка долготрајна болест
- родител на дете додека трае породилното отсуство
- мајки со деца до шест годишна возраст.

**Член 26**

Вонредните студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

Вонредните студенти се запишуваат со школарина за студирање како и студентите запишани во категоријата со школарина на студиите од глава IV од Конкурсот.

Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот, утврден во глава I од Конкурсот, го плаќаат во две еднакви рати, и тоа едната при запишувањето, а другата пред почетокот на вториот семестар, во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на плаќањето, во согласност со склучениот Договор со единицата на Универзитетот.

При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат: копија од Образец М1 и М2 заверена на нотар или лекарско уверение за причините назначени во член 24 став 2 алинеа 1 и 2 (издадено од соодветна здравствена установа), доказ дека е родител на дете за кое се уште трае правото на породилно отсуство или доказ дека е мајка на дете до шест годишна возраст.

## Странски државјани

**Член 27**

Странските државјани **се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот**, во роковите утврдени за сите кандидати и се запишуваат надвор од квотите утврдени со Конкурсот.

Бројот на странските државјани - стипендисти на Владата на Република Северна Македонија го утврдува Министерството за образование и наука - Скопје.

За странските државјани што се пријавуваат за студирање на Педагошкиот факултет - Битола се врши претходно оценување на психофизичките способности за студирање на овој факултет.

При пријавувањето, кандидатите наведуваат на кој факултет, односно висока стручна школа на Универзитетот сакаат да студираат, дали се стипендисти на Владата на РСМ или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето. Со пријавата поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование или копија од потврдата издадена од Министерството за образование и наука за започнување на постапката за нострификација, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, копија од патна исправа, уверение за здравствената состојба издадено од соодветна здравствена станица, како и потврда за направен ХИВ тест и тест за хепатит Ц.

При пријавувањето кандидатите поднесуваат сертификат за познавање на македонскиот јазик издаден од Педагошки факултет – Битола.

За кандидатите кои го познаваат македонскиот јазик, а не поседуваат сертификат за познавање македонски јазик издаден од Педагошкиот факултет – Битола или поседуваат потврда за познавање македонски јазик издадена од други институции, се врши претходна проверка на нивото на познавање на македонскиот јазик на Педагошкиот факултет – Битола.

За кандидатите кои не го познаваат македонскиот јазик, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола организира подготвителна настава за изучување на македонскиот јазик на Педагошкиот факултет – Битола.

Подготвителната настава се организира во траење од еден или два семестра според програма наменета за изучување македонски јазик како странски.

Во текот на подготвителната настава се врши континуирана проверка на знаењето на кандидатите.

По успешното завршување на подготвителната настава и полагањето на завршниот испит, кандидатите добиваат сертификат за познавање на македонскиот јазик од Педагошкиот факултет – Битола и стекнуваат право на запишување во наредната академска година.

Школарината за странските државјани за академската 2023/2024 изнесува 1000 Евра, освен за Факултетот за туризам и угостителство, каде школарината за странските државјани за академската 2023/2024 изнесува 800 Евра и за Високата медицинска школа, каде школарината за странските државјани за академската 2023/2024 изнесува 1300 Евра. Овој износ странските државјани го плаќаат за секоја студиска година.

Во оваа категорија студенти спаѓаат и студентите, странски државјани, чии родители или самите тие работат во дипломатските претставништва во Република Северна Македонија. Овие кандидати може да се запишуваат без плаќање школарина, доколку Министерството за образование и наука ги поднесува трошоците за нивното студирање.

Странските државјани кои се запишуваат на начин утврден во точка 1 и 3 од Главата V од Конкурсот го задржуваат истиот статус до дипломирањето.

**Кандидати со завршено средно образование во странство**

**Член 28**

Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на РСМ, кои целокупното или дел од средното образование го завршиле во странство се запишуваат надвор од редовните конкурсни квоти (на Педагошкиот факултет - Битола се врши претходно оценување на психофизичките способности за студирање на овој факултет). Во оваа квота можат да се запишат најмногу до 10% од бројот на редовните студенти. Во рамките на оваа посебна квота, кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот примен кандидат со партиципација (државна квота) на соодветната единица, студиска група или насока, исто се запишуваат со плаќање на износот на партиципација за трошоците на студирање определен во глава I од Конкурсот.

Кандидатите кои ќе освојат помалку поени од последниот примен кандидат со партиципација (државна квота) на соодветната единица, студиска група или насока, ќе се запишат со плаќање на надоместокот за школарина за студирање. Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти, во зависност од единицата на Универзитетот, односно видот на студиите за една академска година изнесува како и за кандидатите од глава IV од Конкурсот.

Кандидатите од став 1 со пријавата, поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови од средното образование завршени во странство или копија од потврдата издадена од Министерството за образование и наука за започнување на постапката за нострификација на дипломата и свидетелствата од средно образование.

**Член 29**

Кандидатите државјани на РСМ кои дел од средното образование завршиле во странство и кандидатите со завршена меѓународна матура, се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидидатите со завршено средно образование во Република Северна Македонија, со тоа што покрај другите документи поднесуваат нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршен во странство, односно завршената меѓународна матура или копија од потврдата издадена од Министерството за образование и наука за започнување на постапката за нострификација на свидетелствата за тој дел од средното образование.

Кандидатите од првиот став се запишуваат надвор од редовните конкурсни квоти.

На Педагошкиот факултет - Битола се врши претходно оценување на психофизичките способности за студирање на овој факултет.

На факултетите кадешто се реализираат програми на англиски јазик се врши претходно оценување на знаењето на англискиот јазик.

Во оваа квота можат да се запишат најмногу до 10% од бројот на редовните студенти.

Во рамките на оваа посебна квота, кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот примен кандидат со партиципација (државна квота) на соодветната единица, студиска група или насока, исто се запишуваат со плаќање на износот на партиципација за трошоците на студирање определен во глава I од Конкурсот.

Кандидатите кои ќе освојат помалку поени од последниот примен кандидат со партиципација (државна квота) на соодветната единица, студиска група или насока, ќе се запишат со плаќање на надоместокот за школарина. Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти, во зависност од единицата на Универзитетот, односно видот на студиите за една академска година изнесува како и за кандидатите од глава IV од Конкурсот.

Доколку за овие кандидати не е возможно да се изврши бодирање или рангирање, тогаш овие кандидати се запишуваат во квотата со партиципација.

Кандидатите иселеници и државјани на РСМ со завршено целокупно средно образование во странство, кандидатите државјани на РСМ со завршен дел од средното образование во странство и кандидатите со завршена меѓународна матура **се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола,** во роковите утврдени со Конкурсот.

**Кандидати ослободени од плаќање на партиципација**

**Член 30**

На факултетите и високата стручна школа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола имаат право на студирање и лица со инвалидност и други лица ослободени од партиципација на студирање, во согласност со **Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање** („Службен весник на РМС“ бр. 61/2022):

1. Лице со инвалидност, односно лице кои има долготрајни телесни, интелектуални, ментални или сетилни нарушувања кои во интеракција со различни пречки може да го спречат неговото целосно и ефикасно учество во општеството на еднаква основа со другите.
2. Од страна на подносителот на барањето за ослободување од партиципација за студирање, се доставува наод и мислење на Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа – Здравствен дом Скопје, во согласност со членот 295 од Законот за социјална заштита, односно наод и мислење од стручен орган за видот и степенот на попреченост и посебните потреби на лицето со попреченост.
3. Лицата со инвалидност запишани на прв циклус на студии на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, се ослободени од партиципација за студирање.
4. Други лица кои се ослободени од партиципација за студирање, во смисла на оваа уредба, се лица запишани на прв циклус на студии на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија и тоа:
   - лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанокот на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, доколку е невработено;
   - родител на дете, но најдоцна до шест годишна возраст на детето, доколку е невработен и
   - воени инвалиди.
5. Од страна на подносителот на барањето за ослободување од партиципација од точка 4 алинеа 1, се доставува потврда од надлежниот Центар за социјална работа дека имаат статус на дете без родители и родителска грижа.
6. Од страна на подносителот на барањето за ослободување од партиципација од точка 4 алинеа 2, се доставува извод од Матичната книга на родените за детето и потврда за евидентирано невработено лице.
7. Од страна на подносителот на барањето за ослободување од партиципација од точка 4 алинеа 3, се доставува решение донесено од страна на Министерството за труд и социјална политика – Управата за прашања на борците и воените инвалиди.
8. Правото на ослободување од партиципација за студирање се однесува на лицата опфатени со уредбата, без оглед дали имаат статус на редовен или вонреден студент. 9. Ослободени од партиципација за студирање се и лицата растени во домови за напуштени деца доколку се невработени. Од страна на подносителот на барањето за ослободување од партиципација се доставува соодветен доказ дека лицето е растено во дом за напуштени лица, како и потврда за евидентирано невработено лице.
9. Правото на ослободување од партиципација за студирање престанува со престанувањето на статусот студент на лицето кои го остварило ова право.

**Член 31**

Припадниците на безбедносните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид од **I** до **VII** група, утврдени со одредбите од чл. 2 од **Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства**, како и лицата утврдени со одредбата од чл. 23 од истиот Закон („Сл. весник на РСМ“ бр. 2/2002), во академската 2023/2024, **се запишуваат во посебна квота која може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на ниво на студиска програма** и ќе студираат на факултетите и на високата стручна школа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, ***без плаќање на партиципација***.

Правото од претходниот став кандидадите го остваруваат при пријавувањето, со документ (**Уверение**) од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Доколку кандидатот не донесе соодветно Уверение од надлежен орган при запишувањето, не ќе може да го оствари тоа право.

**Дополнителни квоти утврдени од Владата на РСМ**

**Член 32**

За обезбедување правична и соодветна застапеност на **студентите припадници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија**, на факултетите, односно високата стручна школа на Универзитетот „Св. Климент Охридски” - Битола во академската 2023/2024 година, со Одлука на Владата на РСМ бр. 41-6058/4 од 27.06.2023 година, („Службен Весник на РСМ“ бр. 139 од 30.06.2023 година), **дополнително ќе се запишат** студенти припадници на овие заедници, **чиј број да не е повисок од 10% од вкупниот број на студенти кои се запишуваат во прва година на прв циклус студии на ниво на единица**. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Северна Македонија.

На факултетите, односно високата стручна школа на Универзитетот „Св. Климент Охридски” - Битола, каде постојат студиски програми кои се застапени и на Универзитетот во Тетово и на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, припадниците на албанската заедница ќе се запишуваат само во редовните квоти.

Процентот на студентите припадници на овие заедници заедно во државната и дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Северна Македонија.

**Прегледот** на бројот на кандидатите е утврден според Извештајот за учеството на другите заедници кои не се мнозинство во РСМ, во вкупното попишано резидентно население во РСМ од Пописот во 2021 година и тоа:

| Национална припадност | Број на попишано резидентно население | Учество во % во вкупно попишано резидентно население |
|---|---|---|
| Македонци | 1.073.375 | 58.44 % |
| Албанци | 446.321 | 24.30 % |
| Турци | 70.897 | 3.86 % |
| Роми | 46.469 | 2.53 % |
| Срби | 23.877 | 1.30 % |
| Бошњаци | 15.979 | 0.87 % |
| Власи | 8.633 | 0.47 % |
| Други | 151.162 | 8.23 % |
| **Вкупно:** | **1.836.713** | **100 %** |

Бројот на припадниците на заедниците опфатени во категоријата други, ќе се утврдува кумулативно од сите други заедници, според вкупниот број поени, односно предност ќе имаат кандидатите со највисок број поени.

Во рамките на предвидените квоти за малцинските заедници, треба да се земе во предвид изјаснувањето на идните студенти во однос на националната припадност, онака како што е наведено во дипломите за завршено средно образование, или свидетелствата од прва до четврта година на средното образование. Изјаснувањето во пријавата од факултетот, односно високата стручна школа, треба да се совпаѓа со изјаснувањето во дипломата за завршено средно образование или свидетелствата. Доколку во дипломата за завршено средно образование или во свидетелствата не е наведена националната припадност, ученикот е должен да поднесе писмена изјава заверена кај нотар во која ќе се произнесе за националната припадност.

**Член 33**
**Запишување студенти чие родителско право го врши само еден родител**

Во учебната 2023/2024 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола студентите чиешто родителско право го врши само еден родител имаат право да поднесат Барање да бидат ослободени од плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии. Барањето се поднесува до Деканатската управа/Управа на висока школа на единицата на која се запишале, која донесува одлука за ослободување.

Минималните услови за да бидат ослободени од плаќање на половина од износот на уписнината, студентите треба да:

- потекнуваат од едно родителско семејство, што се докажува со соодветен документ за составот на семејството,
- нето приходите во семејството бидат помали од две нето минимални плати, што се докажува со соодветен документ од Управа за јавни приходи за секој член на семејството.

Единиците при селекцијата на кандидатите можат да пропишат и дополнителни услови.

Студентите кои ќе го користат ова право треба да бидат примени како: редовни во државна квота, редовни со кофинансирање или вонредни по основ на здравствени причини. За вонредните студенти по основ на засновн работен однос, ова право не им следува.

**Член 34**

На индексите на студентите не смее посебно да се обележува нивната припадност во овие категории.

**Уписни рокови**

**Член 35**

Реализацијата на Конкурсот ќе се одвива во уписни рокови, со тоа што во првиот уписен рок ќе се запишуваат сите пријавени кандидати што ги исполнуваат предвидените услови, а доколку останат слободни непополнети места запишувањето ќе се врши во втор и трет уписен рок.

По потреба Ректорската управа ќе донесе одлука за дополнителен уписен рок.

**Член 36**

Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот од листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет) факултетот, односно високата стручна школа, ги запишува сите такви кандидати. Ако пак бројот на таквите кандидати е поголем од пет, тогаш факултетите, односно високата стручна школа, ќе ги рангираат овие кандидати според дополнителни критериуми и тоа: соодветноста на изработената проектна задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл. Овие дополнителни критериуми ги донесуваат факултетите, односно високата стручна школа на Универзитетот.

**Член 37**

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола ќе ги објави дополнително слободните места за вториот и следните уписни рокови.

**Член 38**

Ова Упатство влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Проф. д-р Игор Неделковски**
**Ректор**